**Видео 14: Закон за управување со отпад и надлежности на општините**

Овде ќе зборуваме за начинот на управување со отпадот, обврските на правните и физичките лица во оваа област вклучително и надзорот. Токму овие аспекти ги регулира Законот за управување со отпад.

Управувањето со отпадот е дејност од јавен интерес, којашто се врши во согласност со одредбите на Законот за управување со отпад.

Заради заштита на животната средина и здравјето на луѓето, се применува хиерархија при управување со отпадот и тоа по следниот редослед:
спречување на создавање на отпад, подготовка на отпадот за повторна употреба, рециклирање на отпадот, други типови на преработка на отпадот, вклучувајќи ја преработката заради добивање на енергија и отстранување на отпадот.

Заради поттикнување на оваа хиерархија, може да се воведуваат посебни давачки. Првенствено отпадот се дели на опасен и неопасен отпад во листата на видови на отпад.

Затоа се забранува разредување или мешање на опасниот отпад со друг отпад заради намалување на почетната концентрација на опасни супстанции, односно материи на ниво кое што е под граничните вредности за дефинирање на опасниот отпад заради негово класисфицирање како неопасен отпад.

Во обврските на општините и градот Скопје за управувањето со комуналниот и со другиот неопасен отпад, Градоначалникот во согласност со Планот за управување со отпад и регионалниот план, е должен да се грижи за отпадот и јавната чистота, да обезбеди услови за селектирање и управување со посебни текови на отпад и за други работи од оваа листа.

За управувањето со комуналниот отпад на локално ниво на предлог на градоначалникот на општината или градот Скопје, Советот на општината или градот Скопје, детално ги пропишуваат условите, начинот и шемите за собирање и за транспортирање на комуналниот отпад во рамките на интегрираниот систем за управување со отпад и ќе ги вклучи изолираните населби.

Градоначалникот треба да определи места каде треба да се поставаат садови за собирање и селектирање на отпад, а особено одделно собирање на опасниот отпад создаден од домаќинствата.

Што се однесува за регионалното ниво на управување со отпадот, постои Регионален систем за управување со отпад, кој се состои од централен објект за управување со отпад (регионална депонија за отпад), претоварни станици и други објекти и инсталации за управување со отпадот.

Управувањето со отпадот мора да се изведува на начин со кој се избегнува:

1. загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето;

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

2. загадување на медиумите на животната средина над пропишаните граници согласно со прописите;
3. создавање бучава, непријатна миризба или зголемување на бројот на птици, инсекти и штетници;
4. уништување на природните услови за живот на животните и на растенијата;
5. уништување на заштитеното природно и културно наследство и
6. нагрдување и неуреденост на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони.

Забрането е горење или согорување на отпад на локации кои не се наменети за таа цел, како и користење на уреди и инсталации за кои не е издадена соодветна дозвола или во кои горењето или согорувањето на отпадот може да ја загрози животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Забрането е оставање, фрлање и напуштање на отпадот на локации кои не се утврдени за таа намена, како и негово спалување или отстранување спротивно на прописите за управување со отпадот.

Отпадот кој се наоѓа на приватен имот и кој може да предизвика штета врз животната средина или здравјето на луѓето треба да го отстрани сопственикот или корисникот на имотот.

Доколку тој не постапи така, градоначалникот носи правен акт по кој соодветното јавно претпријатие го отстранува ваквиот отпад.

Доколку некој друг остава отпад на вашиот имот, треба да го информирате градоначалникот кој треба да преземе соодветни мерки.

Доколку пак на приватен имот се врши складирање и собирање на отпад без никаква дозвола за тоа, општински или државен инспектор за животна средина има право да изврши инспекциски надзор во ваквиот приватен имот.

Во врска со потребното добивање на дозвола за управување со отпад, Законот предвидува дозволи за правни и физички лица што вршат активности за управување со отпад, но и посебни дозволи за основање на различни типови депонии.

Инспекцискиот надзор над работите кои се надлежнсот на општините го врши општинскиот инспектор за животна средина.

Македонското здружение на млади правници нуди правна поддршка на еколошките граѓански организации. Контактирајте го здружението и информирајте се детално за активностите кои можете да ги преземете.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.